**Граѓанските организации во акција за климатските промени**

Еко свест, Македонското здружение на млади правници и Организацијата за поврзување на природни вредности и луѓе (CNVP) од јуни 2021 година започнаа со спроведување на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени" финансиран од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка –SIDA.

Општата цел на проектот е зајакнување на улогата на граѓанското општество во процесот на намалување на емисиите на стакленички гасови и декарбонизација, трансформација и обнова на општеството, за создавање на чиста животна средина, поттикнување на зелената економија и подобрување на здравјето на граѓаните во државата. Во таа насока Проектот ќе се стреми кон *(1) поттикнување на учество на граѓанските организации во носење на одлуките поврзани со климата, како и преку подобрување на капацитетите, знаењата и вештините, пружање поддршка на граѓанските организации за преземање на активности на локално ниво* и *(2) подигање на јавната свест за можностите на постоење на зелени економии со ниско ниво емисии на јаглен, како и притисок на јавноста врз институциите со цел развој на политики и програми во насока на намалување на емисиите на стакленички гасови и декарбонизација.*

За остварување на вака поставените цели, Проектот во себе вклопува три типа на активности: *(1) градење на капацитетите на граѓанските организации, (2) директна помош за граѓанското општество* и *(3) подигнување на јавната свест и работа на политики.*

**Програма за правна и менторска поддршка на еколошки граѓански организации**

Целта на Програмата е зголемување и зајакнување на капацитетите на еколошките организации, нивно ефикасно вклучување во процесите за донесување одлуки на локално или централно ниво од областа на животната средина, зголемено влијание врз политиките од областа на животната средина на централно или локално ниво и активно преземање активности и мерки за ефикасна заштита на животната средина.

Пријавувањето во Програмата за правна и менторска поддршка на еколошките граѓански организации се врши преку пополнување на онлајн пријавата на следниот **линк**.

Поддршката во рамки на Програмата се обезбедува во случаите кога организациите се соочуваат со конкретно прашање/ситуација/проблем за кој имаат потреба од правна помош или за конкретна област за која имаат

Проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

потреба од менторска поддршка. Организациите може да се пријавуваат повеќе пати за помош и поддршка во рамки на Програмата доколку прашањата за кои се пријавуваат не се идентични со претходната пријава.

Правната поддршка опфаќа, но не е ограничена на:

- Општи правни совети во областа на животната средина (можност за искористување конкретни правни механизми за надминување/решавање конкретна ситуација/проблем)
- Информација за правна регулираност на конкретна област/прашање од областа на животната средина (информација од релевантни законски и подзаконски прописи)
- Помош и поддршка во подготвување и поднесување барања и останати типови писмени поднесоци за вклучување во процес на подготовка на закони и/или подзаконски акти од областа на животната средина
- Идентификување предизвици во јавно учество при креирање на прописи од областа на животната средина и помош и поддршка во надминување на идентификуваниот предизвик
- Помош и поддршка во поднесување барања и други писмени поднесоци за поведување на управна постапка или во текот на управната постапка за прашања од областа на животната средина вклучително и следење на поведената постапка и информации за расположливи правни механизми (на пример користење на субвенции за прашања од областа на животната средина, барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и слично)
- Помош и поддршка во подготвување пријави до надлежни инспекциски или органи со инспекциски овластувања за прашања од областа на животната средина
- Правни мислења за можноста за поведување судски спорови

*Помош и поддршка подразбира разгледување на документи и обезбедување совет и мислење доколку е неопходно

Менторската поддршка опфаќа, но не е ограничена на:

- Менторирање во спроведување активности за застапување (advocacy) во областа на заштита на животната средина
    - Планирање активности за застапување
    - Менторирање во пишување документи за јавни политики и анализи, вклучувајќи и прегледување на наведените документи и давање насоки за подобрување на нивниот квалитет и импакт
    - Помош во организација на прес конференции, состаноци со засегнати страни, јавни настани за промоција на анализи, јавни дебати и слично
    - Совети и насоки во процес на спроведување јавна кампања на национално или локално ниво

Проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

- Менторирање за организациско зајакнување и одржлив развој на еколошки организации
    - Поддршка во процесот на пишување проектни апликации (вклучувајќи логичка рамка, наративен дел и дел за буџетирање)
    - Помош и поддршка во процесот на донесување интерни акти на организацијата (пишување и прегледување на веќе постоечките или на предлог интерните акти на организацијата)
    - Помош и поддршка при вмрежување со други организации и формирање неформална или формална коалиција на организации

Доколку имате потреба од дополнителни податоци во врска со Програмата за правна и менторска поддршка на еколошки граѓански организации, можете да го контактирате Бојан Трпевски на btrpevski@myla.org.mk

Проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.